29983

12959

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 20 февруари 1983 год. ● стр.10

## ЗАПИС ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# ОД КЛАСИКА ДО АВАНГАРДА

**● Во колекцијата на уметнички дела на Музејот на современата уметност во Скопје, се наоѓаат 2.855 подарени слики, скулптури, графики, цртежи од уметници од 44 земји во светот. — Единствена колекција на Балканот**

Основан точно пред 19 години како плод на меѓународната солидарност, Музејот на современата уметност „Скопје“ од Скопје, денес во своите збирки има 2855 слики, скулптури, цртежи, графики и други уметнички дела, што се подарок на уметници од целиот свет. Овие уметнички дела пристигнаа од 44 земји од сите континенти. Покрај југословенската колекција на дела која е најбројна — 1200 експонати, земји што се најзастапени во збирките на Музејот е: Бразил со 189 дела, Англија со 106, Италија со 292, Полска со 206, САД со 95, Франција со 263, Чехословачка со 208, Јапонија со 62 и тн. а нивната вредност говори и списокот на имиња на уметниците, чии дела се чуваат во МСУ: Пикасо, Вазарели, Ханс Хартунг, Сол Левит, Џаспер Џонс, Кристо Јавашев, Александар Калдер, Хенрик Стажевски, Ренато Гутузо, Карло Кара, Ричард Мортенсен, Алекос Фасианос, Конрад Клапек, Бриџит Рајли, Дејвид Хокни и многу други. Од југословенските уметници тука се: Петар Лубарда, Крсто Хегедушиќ, Душан Џамоња, Коста Ангели Радовани, Пеѓа Милосавлевиќ, Мило Милуновиќ, Едо Мурттиќ, Златко Прица, Марино Тартаља, Габриел Ступица, Младен Србиновиќ, Стојан Келиќ, Челебоновиќ, Генералиќ и други. Сите позначајни македонските уметници од сите творечки генерации го најдоа своето место во збирките на уметнички дела на Музејот.

Меѓу најштедрите југословенски дарители се Петар Лубарда кој на Музејот му отстапи 26 свои дела, потоа Милан Керац — 15, Милиќ Станковиќ — 7, Виргилие Невјестиќ — 10, а од странските: Англичаните Агата Сорел — 11, Петер Хобс — 7, Јапонците Катсунари Јаманиши и Јунји Хасуике по шест дела, Американецот Сол Левит кој на Музејот му подари дури 30 експонати, Тадеуш Мисловски — 18, Французите Ханс Хартунг — 13 и Бернард Бифе — 12, Финецот Ерки Талари испрати 33 дела, Кореанецот Дук Јун Квек — 20 и многу други.

### Со несмален интензитет

Какви беа почетоците на оваа хумана акција која со несмалено темпо продолжува и до денешни дни?

Акцијата за подарување уметнички дела на тогаш настраданото Скопје започна спонтано: ја започнаа прво голем број уметници од земјата. УЛУХ (Здружението на ликовните уметници на Хрватска) заедно со ЈАЗУ и Модерната галерија од Загреб, потпомогнати уште од други установи, по своја иницијатива презедоа собирање творби од хрватски уметници. Така, се оформи колекција од околу 100 творби, собрани уште во првите месеци по земјотресот. Меѓу нив предничеше веќе спомнатиот уметник Лубарда и ентузијастот-колекционер Герхард Ледиќ кој од сопствената колекција на наивни уметници на Скопје му испрати повеќе дела. Во Франција ваква иницијатива презеде Комитетот за помош на Скопје под непосредно раководство на историчарот на уметноста Жан Касу на кого му се придружија сликарот Жан Дусе и госпоѓата Жаклина Селц. Во Италија се формира Национален комитет за пластични уметности раководен од Енрико Паолучи, Марио Пенелопе и Палма Букарели, на кои подоцна им се приклучи Бруно Талпо, сите луѓе непосредно врзани за ликовниот живот на оваа земја. Големи заслуги за учеството на англиските ликовни уметници во акцијата имаа: Денис Бовоен, Кенет Куц Смит, Питер Бирд и други; во ЧССР директорот на Националната галерија во Прага д-р Јижи Коталик и Сојузот на ликовните уметници на оваа земја; во НР Полска и ГДР — сојузите на ликовните уметници, додека во Бразил директен иницијатор беше тогашниот југословенски конзул во Сао Паоло Боро Миљовски. Токму и затоа од овие наведени земји се оформија најзначајните и најбројните уметнички збирки.

### Уметноста денес

За сите овие години МСУ водеше посебна грижа за оваа акција за подарување и за колекцијата што од неа произлезе и која е по многу нешта единствена на Балканот. Бидејќи е формирана на специфичен начин, нејзиниот состав и физиономија беа однапред определени од неколку фактори што одлучуваа за застапеноста на земјите, квалитетот на делата и тн. Така, во Музејот има дела на автори што веќе ја претставуваат „класиката“, историската појдовна основа на современата уметност, но и на оние чие што творештво се создава во овој период и ја застапува авангардата и современата естетска мисла. Придонесите од светските ликовни уметници сѐ повеќе претставуваат високи ликовни остварувања кои изразуваат актуелни стремежи, а сѐ помалку само благородно одговарање на еден морален поттик, како што беше случај на почетокот од животот на оваа колекција.

Во текот на изминатите десет години поставката на колекцијата претрпе неколку измени. Првата варијанта на постојаната поставка на колекцијата на МСУ од 1970 година беше менувана во зависност од сѐ поголемиот расположлив фонд на дела. При селектирањето на делата за најновата варијанта на постојаната постановка (минатата година), според зборовите на директорот на МСУ, Соња Абаџиева Димитрова, пред сѐ е водено сметка за ликовно-естетските вредности на експонатите (без национални, политички, расни и слични ограничувања), како и за меѓународниот карактер на колекцијата, но овојпат со еден поинаков метод во презентацијата на материјалот: сликарскиот и скулпторскиот фонд, базирани врз стилската насоченост на делата се поставени паралелно за да можат максимално да овозможат увид и следење на многубројните и разновидни стилски движења присутни во уметноста денес.

С. Ѓуровска